


**ВМРО-ДПМНЕ: Единствено што функционира е коалицијата Левица-СДС-ДУИ, за сега немаме намера да им ја растураме, нека им е со среќа** Единствено што функционира е коалицијата Левица-СДС-ДУИ, за сега немаме намера да им ја растураме, нека им е со среќа.

Нема потреба од паника, ВМРО-ДПМНЕ нема намера да презема никој од нивната коалиција, се гледа како здружно работат и во советот на Град Скопје, и во собранието.

Левица е на повик на СДС и ДУИ, на сите нивни криминални закони и дела молчат.

До толку се свесни дека се однапред поразени, што по секоја цена се трудат да откинат макар еден глас од ВМРО-ДПМНЕ со претставување на опозиција на опозицијата.

СДС треба да знаат дека сите на куп ќе одат во длабока опозиција, затоа нема потреба од страв, ќе се дружат заедно во опозиција и со Левица и со ДУИ.